Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фонацијата: Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 4878256

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. Никола Парапунов бр. 41А, Поштенски фах 55, 1060, Скопје, Македонија

Застапник: Александар Кржаловски, директор

Веб страница: www.mcms.mk

Електронска пошта (e-mail): mcms@mcms.mk

Телефонски број за контакт: 070 414 669

Лице за контакт: Александра Савевска

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година

**Наслов на иницијативата: Основните податоци за регистрираните граѓански организации во Централниот регистар на Република Северна Македонија се јавни и лесно достапни.**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Република Македонија членка на Европската Унија.

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Меѓу другите цели ги истакнуваме следните две, а поврзаност постои со поголем дел:
Промовирање на европските вредност во процесот на пристапување на Европската Унија преку транспарентност, зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница и интензивирање на регионалната соработка, и
Започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија со Европската Унија.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

1. Политички критериуми 1.1 Демократија и владеење на правото Ц 12. Унапредување на соработката на Владата со граѓанскиот сектор 1.1.4 Граѓанско општество

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Граѓанските организации во Македонија се најголемите поддржувачи на демократските процеси во земјата. Во остварувањето на своите мисии и програми тие се фокусираат на развој на транспарентни и отчетни државни институции, почитување на човековите права и слободи и успеваат да ги вклучат граѓаните кои се на маргините на општество во развојните текови. Влијателните надворешни чинители како што се донаторите и меѓународната заедница во граѓанското општество гледаат конструктивен партнер кој игра важна улога во политичкиот, социјалниот, економскиот развој на Македонија. Во последниот извештај на Европската Унија од 2019 г. се забележува дека климата за граѓанското општество се подобрува, но потребно е продлабочување на соработката и консултациите меѓу владата и граѓанското општество. Оттаму, климата за развој на граѓанското општество и неговото зацврстување и препознавање крос-секторски треба да биде овозможено од органите на државата со донесување на овозможувачи политики.

Предложената иницијатива е во линија на заложбите на Владата за развој на граѓанското општество за период 2020-2024.[1] Дополнително, оваа иницијатива е поврзана со Мерката 12. Зголемување на достапноста и дисеминацијата на јавните податоци за регистрираните граѓански организации во Централниот регистар од Стратегијата за соработка и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020. Имено, граѓанските организации во Македонија најмногу се финансираат со донаторски средства и тоа преку грантовска поддршка за реализација на програми со широка општествена добивка и цели. Во обезбедувањето на овие средства низ процедурите за апликација организациите е потребно да ги приложат основните податоци за својата регистрација до донаторите. За да се намали административниот и финансиски товар на граѓанските организации сметаме дека е неопходно воспоставување на дата база каде основните податоци за организациите ќе бидат слободни и отворени за користење од сите заинтересирани страни. Со оваа иницијатива ќе се тргне товарот на граѓанските организации да ги обезбедуваат овие податоци секогаш кога аплицираат за грантовска поддршка и кога аплицираат особено кај домашните извори на финансирање (министерства и агенции кои доделуваат средства за граѓански организации). Во овој случај донаторите сами ќе може да ги проверат податоците за граѓанските организации, а граѓанските организации ќе бидат иземени од дополнителни трошоци за доказ за нивното постоење и економска активност. Освен очигледниот бенефит за граѓанските организации со оваа иницијатива се отвара широко поле на други придобивки.

Прво, со отворената дата база на основни податоци за граѓанските организации бенефит ќе има и пошироката јавност и приватниот сектор со што ќе имаат брз и лесен увид во состојбата на субјектите и нивните капацитети;

Второ, воспоставената отворена дата база ќе допринесе за дополнителни истражувања и проценка за понатамошен развој на овозможувачи политики за граѓанскиот сектор;

Трето, создавањето и одржувањето на оваа дата база ќе обезбеди поголема активна транспарентност од страна на Владата согласно воспоставената Стратегија за транспарентност 2019-2021.[2]

[1] Види повеќе на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa-na-vlada-agenda2024-finalno_programa_1.pdf
[2] Види повеќе на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/strategija_za_transparentnost_mk.pdf

Поради се погоре споменато, сметаме дека во годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, треба да се направи напор за спроведување на оваа иницијатива со што следните податоци кои се однесуваат на граѓанските организации ќе бидат јавно достапни, бесплатни и во машински читлив формат:

1. Единствен матичен број на субјектот;
2. Единствен даночен број;
3. Целосен назив на организацијата;
4. Краток назив на организацијата;
5. Седиште;
6. Адреса и Општина;
7. Датум на основање;
8. Деловен статус;
9. Организационен облик;
10. Сопственици/основачи.

Дополнително се залагаме во овие основни податоци влезат и податоците за вкупните приходи на организациите и бројот на вработени лица.

Одговорна институција за спроведување на оваа иницијатива се Централниот регистар на Република Северна Македонија и Одделението за соработка со невладини при Владата.

Предлагаме создавање на работна група составена од претставници на Централниот регистар и Одделението за соработка со невладини како и претставници од граѓанскиот сектор со цел финализирање на сите детали околу создавањето и одржувањето на отворената дата база.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)
Предлог-иницијативата се очекува да ја зголеми довербата меѓу граѓанските организации и Владата, преку воспоставување на транспарентен систем на достапни и отворени податоци. Дополнително, иницијативата би придонела кон реализирање на Мерката 12 од Стратегијата за развој и соработка со граѓанските организации. На овој начин, Владата ќе може да одговори на потреби на граѓанските организации и овозможи креирање на политики за развој на граѓанскиот сектор.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Оваа иницијатива ќе се спроведе во склоп на редовните работни активности на Одделението за соработка со невладините организации, Централниот регистар на Република Северна Македонија како и редовните работни активности на граѓанските здруженија и органите на државната управа.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот): /

АСв/АКс/АКр
11-23/38-2020
Скопје, 22.09.2020 г.

Македонски центар за меѓународна соработка
МЦМС

Александар Кржаловски
директор